Република Македонија
Центар за стручно образование и обука
ЦСОО-СД-ЗП-03
Бр. 01-1471/2
07-11- 2016 год.
Скопје

# ПОЛИТИКА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТ

**Визија**

Центарот за стручно образование и обука е независна јавна институција со исклучително стручен кадар, кој успева да оствари беспрекорност во институционалното работење и кој има извонредно реноме за својата улога во промовирањето на партнерско работење, кое е потребно за да се поддржува стратегискиот развој, оперативното спроведување и европската ориентација на стручното образование и обука во Република Македонија.

**Мисија**

Центарот за стручно образование и обука е подготвен да даде максимален придонес кон исполнување на потребите на пазарот на трудот и поширокиот социо-економски развој на општеството, како и кон исполнување на очекувањата на сите засегнати страни, преку нашата посветеност кон унапредувањето на заедничкото дејствување на сите стратешки и социјални партнери со цел да се развие флексибилно стручно образование и обука усогласени со европските стандарди.

Основната дејност на Центарот за стручно образование и обука е да развие модерен и квалитетен систем на стручно образование и обука во правец на вршење на следењето, вреднувањето, проучувањето, унапредувањето, истражувањето и развојот на стручното образование и обука и други работи во согласност со Законот за стручно образование и обука, актот за основање и Статутот, да развие квалитетно и транспарентно работење и одговорност за резултатите. Во таа насока, Центарот негува отворен и одговорен пристап кон учениците, образовните установи (установи за стручно образование и обука, центри за стручна обука, основни училишта), граѓаните, приватниот сектор (работодавачи), меѓународните партнери, јавните претпријатија, државните институции, вработените и целокупната општествена заедница.

Ја оствaривме нашата главна цел – воспоставивме ефективен систем за управување со квалитет, ориентиран кон:

- ***Професионалност*** - законски, објективен и еднаков однос кон сите;
- ***Непристрасност*** – обезбедуваме објективност во нашето работење и донесувањето одлуки,
- ***Економичност*** – оптимално користење на расположливите ресурси и намалување на трошоците на работењето на Центарот;
- ***Транспарентност*** - постојано информирање на јавноста за нашите делувања преку веб страната: http://www.csoo.edu.mk;
- ***Општествена одговорност*** – обезбедуваме социјална одговорност да ја заштитиме животната средина, а нашите идеи, размислувања и активности се насочени кон идните генерации.
- ***Ориентираност кон човечките ресурси*** – постојано унапредување на вработените преку обуки и работилници, како и објективно оценување на нивните знаења, вештини, способности, искуства.
- ***Стручност*** – преку вработување и ангажирање на вешти и искусни лица, совесни, одговорни при вршење на работните задачи пред се согласно со Законот за стручно образование и обука и другите законски прописи.
- Постигнување заеднички цели и интереси преку воспоставување и негување на високопрофесионални односи со вработените во Центарот, Министерството за образование и наука, Министерство за труд и социјална политика, Агенцијата за вработување на Република Македонија, Државниот завод за статистика, училишните установи, приватниот сектор, меѓународни институции и организации, социјалните партнери и други.

# ПОЛИТИКА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТ

- Целосно исполнување на барањата на меѓународниот стандард за управување со квалитет ИСО 9001:2008 и обезбедување на континуирано подобрување на системот за управување со квалитет.

Скопје, 28.10.2016

ДИРЕКТОР

Ајше Селмани